OHRID 2009

IX CONGRESS
OF SOUTH - EAST
EUROPEAN FREIGHT FORWARDERS
& LOGISTICS OPERATORS
www.mifa.org.mk

ДО ВЛАДИТЕ
НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
И РЕЛЕВАНТНИТЕ ЕУ ИНСТИТУЦИИ

# ДЕКЛАРАЦИЈА

на учесниците на IX-от Конгрес на меѓународните шпедитери
и логистички оператори од земјите на Југоисточна Европа,
одржан во Охрид од 21 – 23 мај 2009 година

Ние, учесниците на IX-от Конгрес на меѓународните шпедитери и логистички оператори од земјите на Југоисточна Европа, претставувајќи ги асоцијациите на шпедитерите и логистичките оператори од Југо-источниот европски Регион, собрани во Охрид на 22 мај 2009 година,

- **Тргнувајќи** од улогата и значењето што шпедитерската и логистичката индустрија ја имаат за развојот на севкупната регионална соработка на земјите од Југоисточна Европа;

- **Подржувајќи** ги иницијативите, напорите и практичните чекори на нашите влади за ублажување на последиците од актуелната кризна состојба, како и подршката од соодветните меѓународни организации и институции;

- **Поздравувајќи** го вистинскиот придонес на некои државни администрации во регионот за проширување на меѓуграничниот проток на стоки, што директно го намалува времето на испорака и секако води кон намалување на вкупните трошоци;

- **Тргнувајќи** од блискоста и истородноста на целите, задачите и интересите што сакаат да ги остварат;

- **Убедени** дека заедничките заложби може да доведат до ефикасни мерки за надминување на негатините состојби и тенденции, мерки коишто директно ќе придонесат за развој на националните економии;

- **Констатирајќи** дека шпедитерската индустрија се' уште е под стегите на т.н. "административно-бирократска инертност" (т.е. корупција, нетарифни бариери, политичката несигурност, и сл.), коишто го попречуваат несметаниот проток на стоки во Југоисточниот регион;

- **Соочувајќи се со се` повеќе евидентните** проблеми што се резултат на глобалната светска економско-финансиска криза и зголемените трошоци за енергија, во која се чувствува отсуството на инфраструктурни проекти и друг вид инвестициони зафати коишто може понатаму да го ограничат глобалниот проток на стоки;

- **Свесни за** проблемите што се јавуваат при обид да се обезбеди економски одржлив и брз пристап кон светските пазари заради големата зависност од Коридор 10 (пр. едногодишниот штрајк на грчките пристаништа во 2008 год.) и недостатокот од специфични чекори за брза финализација на Коридор 8, што доведе до недоволна развиеност на транспортната инфраструктура и како резултат од тоа ги усложни економските проблеми во земјите од континенталниот регион;

- **Потврдувајќи** дека бенфитите од директното зголемување на приливот на капитал на патната инфраструктура ќе бидат големи за нашите национални економии; толку многу, така да инвестициите ќе продолжат од сопствени фондови на националните држави во услови кога има органичен пристап на странски инвеститори, фондовите и иницијативите ќе се користат за да ги охрабрат потенцијалните инвеститори.

## Се залагаме и препорачуваме

- **Да се стимулираат** инвестициите насочени кон подобрување на квалитетот на постоечката транспортна инфраструктура, како и на изградба на нова инфраструктура;
- **Да се реализираат** веќе започнатите проекти за железничко поврзување меѓу регионалните пристаништа и земјите коишто ги користат нивните услуги; како и воспоставување на транспортно-шпедитерски центри низ целиот регион;
- **Итно да се прошират активностите** за реализација на сите проекти поврзани со Коридор 8, со посебен нагласок на директните автопатни и железнички врски меѓу сите регионални пристаништа (Бургас, Варна, Драч, Бар) и земјите коишто ги користат нивните услуги за своите пратки;
- **Да се забрза процесот** на хармонизација и унифицирање на патните такси и усмерување на дел од нив во унапредување на

транспортната инфраструктура, сигурноста и заштитата на животната средина;

- **Да се иницира** упростување на процедурите, формалностите и документите потребни за мегународен транспорт и транзит на стоки;
- **Да се реализира** една зедничка контрола (за две соседни земји) на граничните премини меѓу земјите кои сеуште не се членки на ЕУ, како и со држави-членки на ЕУ кои се граничат со земји кои не се членки на ЕУ;
- **Да се продолжи со унапредување** на регионалната соработка на полето на олеснување на трговијата и транспортот, во која членките на шпедитерската индустрија како "архитекти на транспортот" ќе имаат најактивна улога, со фокусирање на потенцијалните полиња на соработка од заеднички интерес, користејќи ги досегашните искуства, знаење и потенцијал;
- **Постојано да се охрабруваат и стимулираат** јавно-приватните партнерства со решавање на стопанските проблеми, преку развивање и примена на современи форми на соработка;
- **Да се овозможи пристап** на економските оператори до информации, коишто неоправдано имаат третман на доверливи податоци, а кои се значајни за работењето на сите стопански субјекти;
- **Ценејќи ги достигнувањата** на проектот Коридор 8, имено:
  - потпишувањето на Меморандумот за разбирање во 2002 година (потпишан меѓу Владите на Италија, Албанија, Турција, Бугарија, Македонија, Грција и Европската комисија);
  - усвојување на Законот 84/2001 од Италијанската влада за поддршка на 7-те балкански земји; и
  - основањето на Секретаријат на Пан-европскиот Коридор 8.

Ние сеуште веруваме дека за да проектот Коридор 8 се придвижи од својата проектна фаза во фаза на имплементација потребни ќе бидат повеќе специфични и целни активности. Ние сме разочарани со најавата дека 2020 година ќе биде очекуваната дата на реализација на овој Коридор, и ние затоа ја замолуваме секоја држава инволвирана во овој проект, како и Европската унија, да придонесат за побрза реализација на истиот.

Во функција на унапредување и квалитетен развој на вкупните односи во рамките на шпедитерската и логистичката индустрија, националните асоцијации изразуваат подготвеност за поактивен дијалог на национално, регионално и меѓурегионално ниво, со цел да се разрешат сите отворени прашања и проблеми коишто ја успоруваат меѓународната стоковна размена и транспорт, а со тоа и регионалната економска соработка.

Претставниците на долупотпишаните асоцијации ја потврдуваат и прифаќаат оваа Декларација со ставање на своите потписи на истата.

Потписи од учесниците на Конгресот

Бугарска национална шпедитерска асоцијација NSBS

.......................................................................................................................

Стопанска комора на Македонија-Групација на меѓународни шпедитери и логистички оператори –MIFA

.......................................................................................................................

Асоцијација на шпедитери на Република Молдова AEM-TRANS

.......................................................................................................................

Унија на асоцијации на шпедитери на Романија USER

.......................................................................................................................

Асоцијација за транспорт и врски на Србија

.......................................................................................................................

Асоцијација на турски шпедитери и даватели на логистички услуги UTIKAD

………………………………………………………………………………………

Отворено за потпис од ....